Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Зелениково-Градоначалник
Komuna e Zelenikovë-Kryetar
Бр.-Nr. 08-4391/1
17.11 20 26 год.-viti
Зелениково/Zelenikovë

Друштво за градежништво, производство, услуги и трговија ИЗГРАДБА-КОМЕРЦ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
Примено: 18.11.2026
Орг. Един. | Број: 0302-844/1 | Прилог: | Вредност:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02 - 4064 /12
16 -11- 2026 20 ___ год. / viti

ДОГОВОР
за изградба на детска градинка во Општина Зелениково

Овој Договор го склучуваат:

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул. „Даме Груев" бр.14, Скопје, претставувано од Министерот Ѓоко Велковски, во понатамошниот текст: Нарачател (Носител на групата нарачатели),
2. **Општина Зелениково**, со седиште на ул. 1 бр. 2, с. Зелениково, Скопје, претставувана од Градоначалникот Коста Маневски, во понатамошниот текст: Нарачател (Член на групата нарачатели), и
3. **Друштво за градежништво, производство, услуги и трговија ИЗГРАДБА – КОМЕРЦ експорт-импорт, Скопје**, со седиште на ул. БОРИС ТРАЈКОВСКИ 141, Скопје, со ЕМБС **4261976** и ЕДБ **4030991117912**, застапувано од Управител **Игор Илијевски**, во понатамошниот текст: Изведувач (Носител на набавка),

(Нарачателите и Изведувачот заедно во понатамошниот текст: Договорни страни).

Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со **изградба на детска градинка во Општина Зелениково,** согласно Одлуката за повеќегодишна групна јавна набавка бр.02-4064/1 од 19.05.2026 година, број 02-4064/2 од 23.06.2026 година и број 02-4064/5 од 30.07.2026 година (во која Општина **Зелениково** се јавува како член на групата договорни органи), по спроведена отворена постапка за доделување Договор за јавна набавка објавена на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) бр. **08999/2026** и Одлуката за избор на најповолна понуда број 02-4064/9 од 14.08.2026 година.

I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор е набавка на работи - изградба на детска градинка во Општина **Зелениково**, на КП 475/22, КО Зелениково, ИЛ бр. 107109, ГП 17.1, согласно прифатена понуда доставена преку електронскиот систем за јавни набавки и согласно технички спецификации, карактеристики на работите, од тендерската документација, кои се составен дел на овој Договор.

Градежните работи - изградба на детска градинка во Општина Зелениково вкупна бруто површина од 734.48м2, ќе се изведуваат на КП 475/22, КО Зелениково, според предмер-пресметката од Основниот проект, со следниве фази: 1. АРХИТЕКТУРА; 2.ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА; 3. МАШИНСКИ ИНСТАЛАЦИИ и 4. ЕЛЕКТРИКА.

Меѓусебните права и обврски на Нарачателите (Министерството за социјална политика, демографија и млади и Општина Зелениково) во однос на реализацијата на групната јавна набавка се уредени со Одлуката за повеќегодишна групна јавна набавка бр.02-4064/1 од 19.05.2026 година, согласно која дел од средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Зелениково, а дел од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади- како и со Договорот за соработка помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади и Општина Зелениково бр. .02-5919/1 од 07.08.2025 година и Анекс бр02-5919/3 од 12.11.2025 година.

II. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Јазикот на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.
Јазикот на целата писмена комуникација меѓу договорните страни е македонскиот јазик.

III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Изведувачот, работите наведени во член 1 од овој Договор, ќе ги изведе во вкупна вредност од 47.022.735,91 денари, без ДДВ.

Вредноста на ДДВ за овој износ изнесува 8.464.092,46 денари.

Вкупната вредност на Договорот со вклучен ДДВ изнесува 55.486.828,37 денари.

Средствата за реализација на овој Договор се обезбедени согласно Одлуката за повеќегодишна групна јавна набавка бр. 02-4064/1 од 19.05.2026 година, и тоа износ од, **5.172.500,95 денари** без ДДВ, односно **6.103.551,12 денари** со ДДВ или 11.00%, се обезбедени од Општина Зелениково, а останатите **41.850.234,96 денари** без ДДВ, односно **49.383.277,25 денари** со ДДВ, или 89,00% од вкупниот износ, се обезбедени од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Вредноста на договорот по фази, е опишана во доставената и прифатена Финансиска понуда на Изведувачот.

Предмер-пресметката, изготвена согласно Основниот проект, е составен дел на Понудата на Изведувачот, со внесени единечни и вкупни цени по секоја позиција. Истата, потпишана електронски од одговорното лице на Изведувачот, претставува составен дел на овој Договор.

IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Договорот за јавна набавка е со времетраење од 60 (шеесет) месеци, сметано од денот на потпишувањето на договорот со најповолниот понудувач (период кој го опфаќа рокот за реализација на работите и гарантниот рок на градежните работи од 5 (пет) години за бетонска конструкција и 2 (две) години за останатите работи).

V. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 6

Изведувачот е должен работите предвидени во член 2 од овој Договор да ги заврши во рок од четиринаесет (14) месеци, сметано од денот на воведување во работа на Изведувачот. Рокот за изведување на градежните работи се продолжува само доколку постојат оправдани причини за застој, односно одложување на предвидениот рок за комплетирање на изведбата на работите. Барањето за продолжување на рокот треба да ги содржи причините за продолжувањето, односно одложувањето, и истото се доставува до Надзорот на работите за мислење. Со продолжувањето на рокот за изведба се продолжува и времетраењето на овој Договор и важноста на банкарската гаранција.

Изведувачот е должен по склучувањето на Договорот да достави до Нарачателите список за раководниот тим и за лицата кои ќе бидат ангажирани во изведувањето на работите, и динамички план за изведување на работите, а најдоцна во рок од 5 (пет) дена по добивањето на евентуални забелешки од Надзорниот орган и Нарачателите да достави ревидиран динамички план.

Доколку во текот на изведувањето на работите се појави потреба од ангажирање дополнителен број лица, Изведувачот е должен да достави до Нарачателите список за овие лица најмалку 5 (пет) дена пред нивното ангажирање.

Член 7

Изведувачот работите кои се предмет на овој Договор ќе ги изврши согласно динамичкиот план за изведување на работите, кој ќе биде донесен со согласност на договорните страни.

Динамичкиот план го составува Изведувачот, а по негово одобрување од страна на Надзорниот орган и во консултација со Нарачателите, започнува да се применува од денот на воведувањето во работа. Изведувачот се обврзува да го усогласува динамичкиот план и да врши негово ажурирање на секои 3 (три) месеци, одобрено од Надзорниот орган и во консултација со Нарачателите, при што задолжително се почитува максималниот договорен рок за изведување на работите од 14 (четиринаесет) месеци.

Доколку има продолжување на рокот за изведба, потребно е да се достави ревидиран динамички план согласно одобреното продолжување, во рок од 5 (пет) дена по добивањето на евентуални забелешки од Надзорниот орган и Нарачателите. Ревидираниот динамички план го одобрува Надзорниот орган. Нарачателите имаат право да го прифатат или да не го прифатат ревидираниот динамички план; во случај на неприфаќање, Изведувачот е должен да изработи и достави нов ревидиран динамички план согласно барањата на Нарачателите.

Член 8

Ако Изведувачот не ги започне работите веднаш по воведувањето во работа, Нарачателите ќе му остават дополнителен примерен рок од 3 (три) дена за започнување на работите.

Ако Изведувачот не започне со работа од неоправдани причини, во смисла на член 10 став 2 од овој Договор, во рокот од претходниот став, Нарачателите можат да го раскинат Договорот и да бараат од Изведувачот надомест на штетата.

Ако постои оправдано сомневање дека работите нема да бидат изведени во договорениот рок (значителни отстапувања од динамичкиот план без соодветна поткрепувачка документација), Нарачателите имаат право да побараат од Изведувачот да преземе потребни мерки со кои се обезбедува соодветно забрзување на работите и нивно усогласување со договорениот рок на градење.

Член 9

Надзорниот орган е должен писмено да го извести Изведувачот за денот на воведување во работа.

Надзорниот орган го воведува Изведувачот во работа по исполнувањето на обврските на Нарачателите и Изведувачот, без кои не е можно отпочнување со работа и со градбата на објектот.

Воведувањето на Изведувачот во работа опфаќа, особено:

- предавање на градилиштето/објектот, односно обезбедување право на пристап до градилиштето/објектот;
- предавање на Изведувачот на Основниот проект во потребен број примероци, од страна на Општина Зелениково;
- предавање на Изведувачот на Одобрението за градба број 09-35/7 од 12.06.2025 година.

За воведувањето на Изведувачот во работа се составува посебен записник, што се констатира и во градежниот дневник.

Член 10

Изведувачот има право да бара продолжување на рокот за изведување на работите во случај кога, поради променети околности или неисполнување на обврските на Нарачателите, бил спречен да ги изведува работите. Рокот се продолжува согласно траењето на пречката и мислењето доставено од Надзорниот орган на работите, потврдено од Нарачателите.

Како причини поради кои може да се бара продолжување на рокот за изведба, а со тоа и продолжување на времетраењето на Договорот, се сметаат особено:
- природни настани (пожар, поплава, земјотрес, пандемија, лоши временски услови невообичаени за годишното време и местото на изведба, утврдени во градежниот дневник и сл.);
- мерки предвидени со акти на надлежните органи;
- услови за изведување на работите во земја или во вода, кои не се предвидени со проектната документација;
- задоцнување на воведувањето на Изведувачот во работа;
- неисполнување или неуредно исполнување на обврските на Нарачателите, согласно поединечно преземените обврски и во рамки на своите надлежности, вклучително отстранување недостатоци во проектната документација;
- непредвидени работи за кои Изведувачот при склучувањето на Договорот не знаел ниту можел да знае дека мора да се изведат;
- вишоци на работи.

Член 11

Изведувачот е должен барањето за продолжување на рокот, одобрено од Надзорниот орган, да го поднесе до Нарачателите штом дознае за причината поради која рокот може да се продолжи, а најдоцна во рок не подолг од 15 календарски дена пред истекот на рокот за изведба на работите.

VI. ДОГОВОРНА КАЗНА

Член 12

Нарачателите и Изведувачот се согласуваат дека Изведувачот ќе им плати на Нарачателите определен паричен износ (договорна казна), ако не ја исполни својата обврска или задоцни со нејзиното исполнување.

Договорната казна изнесува 1‰ (еден промил, односно 0,1%) од вкупната договорена цена на работите за секој ден неоправдано доцнење од страна на Изведувачот, ако работите не се завршат во предвидениот рок, со тоа што вкупниот износ на договорната казна не може да надмине 5% од вкупната вредност на Договорот со вклучен ДДВ.

Договорната казна се пресметува до денот кога Надзорниот орган ќе го одобри завршувањето на обврските на Изведувачот за изведба. Ако Нарачателите го започнале користењето на објектот или на дел од објектот пред примопредавањето, договорната казна се пресметува до почетокот на користењето. Договорната казна се пресметува по доставена завршна ситуација.

Во случај на раскинување на овој Договор, договорната казна се пресметува за секој ден задоцнување до денот на раскинувањето.

Член 13

Кога казната е договорена во случај на задоцнување со извршување на обврската, Нарачателите можат да бараат и исполнување на обврската и договорна казна.

Член 14

Нарачателите имаат право да бараат договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпеле, како и кога не претрпеле никаква штета. Ако штетата што ја претрпеле Нарачателите е поголема од износот на договорната казна, тие имаат право да ја бараат разликата до целосниот надомест на штетата.

VII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 15

Плаќањето на работите кои се предмет на овој Договор ќе се врши врз основа на уредно доставени времени ситуации и завршна ситуација, изготвени согласно реално изведените количини и позиции утврдени во предмер-пресметката, пропратени со

градежен дневник, градежна книга, соодветни сертификати и декларации за квалитет и технички карактеристики на вградените материјали, како и извештај од Надзорниот орган за уредно и квалитетно изведени работи, во рок до 60 (шеесет) дена од приемот на времената/завршната ситуација во архивата на Нарачателот - во архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади, на ул. „Даме Груев" бр.14, Скопје, односно во архивата на Општина Зелениково, со седиште на ул. 1 бр. 2, с. Зелениково, Скопје.

За ден на прием се смета денот кога времената ситуација, потврдена со потпис и печат од Надзорниот орган, е заведена во архивата на соодветниот Нарачател.

Времените ситуации Изведувачот ги доставува за период од еден месец или согласно динамиката на изведба на одделни фази, за изведените работи со количини по позиции и единечни цени, потврдени со градежната книга, потпишана од надзорниот инженер. Времените ситуации и Завршната ситуација се подготвуваат во 6 (шест) идентични копии.

Плаќањето по секоја времена, односно завршна ситуација се врши сразмерно од секој од Нарачателите, согласно изворите на финансирање утврдени со Одлуката за повеќегодишна групна јавна набавка бр.02-4064/1 од 19.05.2026 година , сразмер 89.00% Министерство за социјална политика, демографија и млади 11.00 % Општина Зелениково. Аванс за реализацијата на овој Договор не се исплаќа.

Ако Нарачателите оспорат дел од времената/завршната ситуација, се доставува известување до Изведувачот да достави книжно одобрение за оспорениот износ, а неспорниот износ се плаќа во рокот од став 1 на овој член, сметано од денот на приемот на книжното одобрение во архивата на соодветниот Нарачател.

Со секоја времена ситуација ќе се забележат вишоците, доколку ги има, во табела и записник за вишоци, но по пребивање на вишоците и кусоците во завршната времена ситуација, евентуалното надминување на вишоците ќе се уреди со Измена на Договорот. Со завршната ситуација се изработува конечен извештај за реализацијата со приказ на вкупната вредност на Договорот, вклучувајќи ги и вишоците, дополнителните и непредвидените работи.

Надзорниот орган ја проверува и со свој потпис и печат ја потврдува времената ситуација, а во рок од 5 (пет) дена од приемот може да стави забелешка на истата, за што писмено ги известува Изведувачот и Нарачателите. Изведувачот е должен да ја коригира времената ситуација согласно забелешките и корегираната ситуација да ја достави за проверка до Надзорниот орган во рок од 3 (три) дена, а Надзорниот орган во рок од 5 (пет) дена да ја достави до Нарачателите.

Член 16

Секоја времена ситуација треба да ги содржи, освен основните податоци за предметот на Договорот, договорните страни, бројот на времената ситуација и месецот, и следните податоци:

- опис на позиции со количини и единечни цени;
- договорена вредност;
- претходно наплатени вредности во претходните времени ситуации;
- пресметка на пренесена даночна обврска за ДДВ;
- вредност на извршени работи во времената ситуација;
- уредно пополнета градежна книга и градежен дневник;
- кумулативна вредност и процент на реализација на Договорот;
- записник за регулирање на вишоците и табела за пресметка на вишоци.

Нарачателите имаат право да задржат сразмерен дел од цената за отстранување на недостатоците утврдени во текот на реализацијата на Договорот или при примопредавањето на работите, согласно член 33 и член 40 од овој Договор, за што писмено го известуваат Изведувачот.

VIII. ОБВРСКИ НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Член 17

Изведувачот е должен работите од член 2 на овој Договор да ги изведе на начин и во роковите определени со овој Договор, прописите и правилата на струката и Динамичкиот план одобрен од Надзорниот орган и прифатен од Нарачателите, како и според следната документација:

- Проект за подготвителни работи (доколку има потреба);
- Ревидиран и заверен Основен проект и останата усвоена проектна документација од проектантот;
- Одобрението за градба број 09-35/7 од 12.06.2025 година.
- Документи и акти за градба издадени од надлежни органи и овластени институции;
- Останати документи што ќе ги определат договорните страни;
- Договорената пресметка - предмер-пресметка со количини и единечни цени.

Член 18

Изведувачот е должен да изработи проект за подготвителни работи согласно Законот за градење и Законот за безбедност и здравје при работа (доколку има потреба во зависност од видот на работите). Изведувачот е должен да изработи и постави информативна табла со содржина согласно Законот за градење.

Изведувачот е должен да ги обележи границите на градилиштето (геометар), да изработи и постави ограда околу градилиштето со врати за пристап, согласно Законот за градење.

За испитување на квалитетот на бетон, арматура и геомеханички работи, Изведувачот обезбедува овластена лабораторија.

Изведувачот е должен да обезбеди канцеларија за технички персонал и за надзор, комплетно опремени со мебел, монтажен објект за работници со гардеробер, како и монтажен санитарен објект.

Изведувачот ги сноси сите трошоци за мобилизација и демобилизација на градилиштето и е должен на објектот да води градежен дневник и градежна книга, потпишани од Изведувачот и Надзорот на градбата.

Член 19

Изведувачот се обврзува работите да ги изведува стручно и квалитетно и да обезбеди стручни, квалификувани и овластени лица, согласно закон, подзаконските прописи и доставената Понуда, за што ги известува Нарачателите за именуваните Главен инженер и инженери за изведба по фази.

Изведувачот е должен, за целото времетраење на овој Договор, да ги одржува важечки лиценците, одобренијата и другите исправи потребни за вршење на дејноста градење согласно Законот за градење, и веднаш писмено да ги извести Нарачателите за секоја промена на податоците наведени во овој Договор (седиште, овластено лице, статус), како и за секоја околност што влијае на способноста да ги извршува договорените работи.

Изведувачот се обврзува да вградува материјали согласно проектната документација, кои одговараат на македонските стандарди усогласени со европските стандарди и се атестирани од овластени институции. Изведувачот е должен атестите, сертификатите и другата документација навремено да ги достави на увид пред вградување на материјалите, уредите и опремата на инженерите за надзор и контрола.

Член 20

Пред набавка и вградување на материјалите, уредите и опремата, Изведувачот е должен да достави до Надзорниот орган мостри на материјали и проспекти за уредите и опремата, со пополнет Образец за одобрување на опрема и материјали. Надзорниот орган, во согласност со Нарачателите, дава писмена согласност за понудените мостри и проспекти, по што Изведувачот пристапува кон набавка и вградување. Доколку Изведувачот, по своја вина, вгради материјали, уреди или опрема кои отстапуваат од одобрените мостри и проспекти, должен е на своја сметка, без право на надомест, да ги замени со материјали и опрема кои одговараат на договорениот квалитет.

Изведувачот е должен да употребува и вградува материјали, уреди и опрема за кои е обезбеден сервис и резервни делови на територијата на Република Северна Македонија.

Во спротивно, сите зголемени трошоци за одржување и сервисирање на вградените материјали, уреди и опрема паѓаат на товар на Изведувачот.

Член 21

Изведувачот е должен навремено и детално да ја проучи техничката документација врз основа на која се изведуваат договорените работи и навремено да побара од Нарачателите објаснување за недоволно јасните детали.

Изведувачот нема право да ја менува техничката документација. Ако воочи недостатоци во техничката документација или предмер-пресметката, Изведувачот е должен за тоа писмено да ги извести Надзорниот орган и Нарачателите.

Ако воочените недостатоци ја загрозуваат сигурноста на објектот, животот или здравјето на луѓето, сообраќајот или соседните објекти, Изведувачот го запира изведувањето на работите до отстранувањето на недостатоците и презема мерки за нивно отстранување.

Нарачателите се должни, во соработка со Надзорниот орган, без одложување и во разумен рок, писмено да го известат својот став во врска со барањата на Изведувачот.

Зачестените неоправдани барања за објаснување детали од проектната документација, придружени со прекин на работата, се сметаат за неоправдано одолговлекување на работите во смисла на член 66 став 1 алинеја 6 од овој Договор.

Член 22

Изведувачот преку својот раководител на градба, во присуство на главниот надзорен инженер, е должен да ги информира Нарачателите на редовни состаноци, најмалку еднаш месечно, за реализацијата на работите и евентуално појавените проблеми и начинот на нивното решавање.

Надзорниот орган е должен да води записник со заклучоци од секој состанок, на кои задолжително треба да присуствува барем еден претставник на секој Нарачател.
Изведувачот е должен, по завршувањето на работите, односно по раскинувањето на Договорот, на Нарачателите да им го предаде Проектот на изведена состојба, доколку изведениот објект отстапува од Основниот проект.

Член 23

Изведувачот е должен да ги преземе и спроведе сите со закон предвидени мерки за заштита на работниците и техничкиот персонал. Сите лица кои учествуваат во реализацијата на работите, кога се физички присутни на градилиштето, треба да бидат опремени со ХТЗ опрема, согласно законските прописи.

Член 24

Од почетокот на изведувањето до предавањето на работите на Нарачателите, Изведувачот на погоден начин ги обезбедува и чува изведените работи, опремата и материјалите од оштетување, пропаѓање, однесување или уништување, и е должен на соодветно место да го транспортира целокупниот отпад од материјали, градежниот шут и другите отпадоци.

Изведувачот е одговорен за сите штети коишто, по негова вина, ќе бидат предизвикани кон трети лица во врска со изведбата на градежните работи, за времетраењето на целиот период на изведба.

Изведувачот ги поднесува трошоците за обезбедување и чување на изведените работи, опрема и материјали и ризикот од нивно оштетување, уништување или однесување, се до предавањето на објектот на Нарачателите.

Член 25

По завршените работи, односно по раскинувањето на Договорот, Изведувачот е должен од градилиштето да ги повлече своите работници, да ги отстрани преостанатите материјали, опрема и средства за работа, како и привремените објекти што ги изградил, и да го исчисти објектот и градилиштето, на свој трошок.

IX. ОБВРСКИ НА НАРАЧАТЕЛИТЕ

Член 26

Нарачателите се должни, на денот на воведот во работа, со Записник за примопредавање на документација, на Изведувачот да му ја предадат следната документација:

- Ревидиран и заверен Основен проект и останатата усвоена проектна документација;
- Одобрението за градба број 09-35/7 од 12.06.2025 година ;
- Документи и акти за градба издадени од надлежни органи и овластени институции;
- Останати документи што ќе ги определат договорните страни.

Општина Зелениково се обврзува да ги обезбеди сите потребни услови за формирање и функционирање на градилиштето, вклучително отстранување на постоечки објекти и подземни инсталации доколку ги има, како и приклучок за електрична енергија и водоводно снабдување, пред Изведувачот да биде воведен во работа. Трошоците за приклучок и за користење на електрична енергија и вода за формирање и функционирање на градилиштето ги сноси Општина Зелениково.

Општина Зелениково се обврзува да ги обезбеди сите потребни услови за пуштање и непречено функционирање на објектот, вклучително траен приклучок за електрична енергија, водовод, канализација и греење, пред техничкиот преглед на објектот.

Одговорно лице за следење на реализацијата на Договорот од страна на Општина Зелениково е лицето определено со решение на Градоначалникот на Општина Зелениково, за што писмено ќе биде известен Изведувачот.

Член 27

Надзорниот орган е должен, по склучувањето на Договорот, да го воведе Изведувачот во работа во рок од три дена по доставувањето на конечниот динамички план од страна на Изведувачот и по доставена потврда од Општина Зелениково, дека е овозможен непречен вовед во работа.

За воведувањето на Изведувачот во работа се составува посебен записник, во присуство на Надзорниот орган и одговорните лица на Нарачателите, што се констатира и во градежниот дневник.

Член 28

Одговорни лица за следење на реализацијата на Договорот од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади се Езерка Папастеревска и Кристина Николовска, или други лица овластени од Министерот.

Одговорните лица за следење на реализацијата на Договорот ги вршат особено следните работи: следат дали Договорот се реализира според Основниот и ревидиран проект, барањата во тендерската документација, понудата на Изведувачот и одредбите на овој Договор; учествуваат на лице место во воведот во работа; ги следат роковите утврдени со динамичкиот план; ги потврдуваат времените ситуации претходно потврдени од Надзорниот орган; го следат рокот на важност на банкарската гаранција и превземаат соодветни постапки во врска со истата; по целосна реализација на Договорот доставуваат извештај за реализиран-исплатен договор.

Член 29

Од денот кога Нарачателите ќе започнат да го користат објектот престануваат обврските на Изведувачот во поглед на чувањето на изведените работи, а гарантниот рок почнува да тече од денот на започнувањето на користењето.

X. УСЛОВИ ЗА КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 30

Изведувачот е должен, согласно правилата на струката, да ја испита правилноста на техничките решенија во проектната документација и да го извести Надзорниот орган за грешките што ќе ги забележи. Доколку има недореченост во техничката документација, Изведувачот е должен да достави предлог со технички цртеж, преку Надзорниот орган, до Нарачателите на одобрување.

Член 31

Изведувачот е должен во објектот да вградува материјали и опрема што одговараат на пропишаниот, односно договорениот квалитет. Трошоците за испитување на материјалите ги поднесува Изведувачот.

Член 32

Изведувачот е одговорен за употреба на материјали и опрема кои не одговараат на договорениот или пропишаниот квалитет и е должен да ги предупреди Нарачателите за воочените или утврдените недостатоци на материјалите и опремата предвидени во проектната документација.

Член 33

Ако Изведувачот не ги изведува работите според договорената проектна документација, техничките прописи и стандарди, Нарачателите имаат право да бараат запирање на натамошното изведување на работите, односно промена на материјалите.
Ако е доведена во прашање сигурноста на објектот, Нарачателите имаат право да бараат Изведувачот да ги урне изведените работи и повторно да ги изведе на свој трошок.

Член 34

Изведувачот е должен да даде докази за квалитетот на материјалите пред нивно вградување и да овозможи контрола од страна на Надзорниот орган и Нарачателите. Конечната оцена на квалитетот на изведените работи и на употребените материјали и опрема се врши при примопредавањето на изведените работи. Трошоците за контролата ги поднесуваат Нарачателите, освен кога Изведувачот на време не овозможил контрола, во кој случај трошоците ги поднесува Изведувачот.

Член 35

Ако Изведувачот во текот на изведувањето не постапи по основаното барање на Нарачателите и не ги отстрани недостатоците на изведените работи, Нарачателите можат да го раскинат Договорот и да бараат надомест на штетата. Ако Изведувачот не ги отстрани недостатоците во примерен рок од 10 (десет) дена, определен од Нарачателите, отстранувањето на недостатоците може да се отстапи на трето лице, на товар на Изведувачот.

XI. НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 36

Нарачателите имаат право да вршат надзор на изградбата над работите на Изведувачот, заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, материјалите и опремата и предвидените рокови. Надзорниот орган полноважно ги застапува Нарачателите пред Изведувачот.

Член 37

Нарачателите се должни да го известат Изведувачот за лицата определени да вршат надзор и контрола и за нивните овластувања. Следењето на реализацијата на работите секојдневно се врши преку градежниот дневник и градежната книга.

Надзорниот орган, во рок од пет (5) дена по приемот, ја проверува, корегира и ја враќа времената ситуација на Изведувачот, а по одобрувањето ја доставува до Нарачателите. Ако доставената времена ситуација не е претходно потпишана и одобрена од Надзорниот орган, Нарачателите ќе ја отфрлат истата.

Член 38

Забелешките во поглед на начинот на изведувањето на работите, употребениот материјал или текот на изведувањето Нарачателите се должни без одлагање да му ги соопштат на Изведувачот, во писмена форма или преку градежниот дневник.

Член 39

Изведувачот е должен да постапи по сите основани барања на Нарачателите поднесени во врска со вршењето на стручниот надзор.

XII. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ

Член 40

Веднаш по завршувањето на работите, Изведувачот ги известува Нарачателите дека работите кои се предмет на Договорот се завршени. Нарачателите и Изведувачот се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање и конечна пресметка.

Член 41

За примопредавањето се составува Записник кој ги содржи особено следните податоци: дали работите се изведени според Договорот, прописите и правилата на струката; дали квалитетот на изведените работи одговара на договорениот квалитет; за кои прашања од техничка природа не е постигната согласност; констатација за примопредавањето на гарантните листови и атестите за вградената опрема; датумот на завршувањето на работите и датумот на извршеното примопредавање.

Записникот задолжително го потпишуваат одговорните лица на договорните страни и Надзорниот орган.

Член 42

Ако во Записникот за примопредавање заеднички се констатира дека Изведувачот треба на свој трошок да доработи, поправи или повторно да изведе одделни работи, Изведувачот е должен веднаш да пристапи кон изведување на тие работи. Ако не го стори тоа во примерениот рок, Нарачателите можат да ангажираат друго лице да ги изведе, на товар на Изведувачот.

XIII. УСЛОВИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВИШОЦИ И НЕПРЕДВИДЕНИ РАБОТИ

Член 43

Изведувачот е должен да ги изведе договорените работи на начин и во рок определени со овој Договор. Вишоците на работите, во границите на вредноста на Договорот, ќе се изведат за сметка на кусоци од одредени количини, по претходна согласност од Нарачателите и согласно мислењето на Надзорниот орган.

Во случај вишоците на работи да ја надминуваат вредноста на Договорот, Изведувачот е должен писмено, без одлагање, да ги извести Нарачателите преку Надзорниот орган, со објаснување за нивната неопходност. Изведбата на таквите вишоци се врши по склучувањето измена на Договорот.

Во случај да се појави потреба од изведба на непредвидени работи кои не се опфатени со предмер-пресметката, Изведувачот е должен писмено да ги извести Нарачателите преку Надзорниот орган. При утврдувањето на цените на непредвидените и/или дополнителните позиции се врши истражување на пазарот, во кое учествуваат Надзорниот орган и Проектантот.

Член 44

Вкупната вредност на измените на Договорот за вишоци, непредвидени и дополнителни работи не смее да надмине 20% од вредноста на Договорот, а доколку се направени повеќе последователни измени, ова ограничување се применува на вредноста

на сите промени заедно. Овие измени се на товар на Нарачателите (Општина Зелениково).

Во случај Изведувачот да пристапи кон изведба на работи кои не се предвидени со предмер-пресметката, без претходна писмена согласност од Нарачателите, се смета дека доброволно ги изведува во свое име и за своја сметка, без право на надомест.

XIV. ГАРАНЦИИ И УСЛОВИ ЗА НАПЛАТА НА ГАРАНЦИИТЕ

Член 45

Изведувачот е должен на Нарачателите да им достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на Договорот, во висина од 10% од вредноста на Договорот со вклучен ДДВ, во оригинална форма.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на Договорот. Изведувачот е должен да ја достави банкарската гаранција во рок од 5 дена од потпишувањето на Договорот, во спротивно Нарачателите го задржуваат правото Договорот да го сметаат за неважечки.

Гаранцијата треба да биде издадена од банка резидентна во Република Северна Македонија, во валутата на која гласи Договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување ќе биде наплатена доколку Изведувачот не се придржува кон одредбите на Договорот, вклучително: не ги почитува правилата и прописите за изведба; не прифаќа корекции по забелешките на Надзорниот орган и Нарачателите; не вградува материјали согласно предмер-пресметката и не доставува сертификати и атести; не го почитува договорениот рок за изведба на работите.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, Нарачателите ја враќаат банкарската гаранција на Изведувачот во рок од 14 (четиринаесет) дена од целосното реализирање на Договорот.

XV. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 46

Изведувачот гарантира дека изведените работи, во времето на примопредавањето, се во согласност со Договорот, прописите и правилата на струката и дека немаат мани што ја оневозможуваат или ја намалуваат нивната вредност или подобноста за редовна употреба.

Член 47

Нарачателите се должни за забележаните недостатоци да го известат Изведувачот без одлагање, а Изведувачот е должен да се јави на повикот во рок од 2 (два) дена и да ги отстрани сите недостатоци. Патните трошоци за пренос на опрема и лица во случај на потреба од сервис се на товар на Изведувачот.

Член 48

Гарантниот рок за квалитетно извршување на изведените работи изнесува 5 (пет) години (60 месеци) за бетонската конструкција и 2 (две) години (24 месеци) за останатите работи, и почнува да тече од примопредавањето на објектот, односно од почетокот на користењето, доколку истото започнало пред примопредавањето.

Член 49

За опремата што ја вградува Изведувачот важи гаранцијата од производителот на опремата, со тоа што Изведувачот е должен целата документација за гаранциите, заедно со упатствата за употреба, да им ја предаде на Нарачателите.

Член 50

Изведувачот е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци што ќе се покажат во текот на гарантниот рок, а кои настанале поради тоа што не се придржувал

кон своите обврски во поглед на квалитетот на работите и материјалите, во примерен рок од 10 (десет) дена определен од Нарачателите.

Член 51

Ако Изведувачот не ги отстрани недостатоците во определениот рок, корисникот на објектот може да ги отстрани недостатоците на сметка на Изведувачот, постапувајќи како добар стопанственик.

Член 52

Изведувачот не е должен да ги отстрани оние недостатоци што настанале како последица од нестручно ракување и употреба, односно ненаменско користење на објектот. Корисникот на објектот ќе формира комисија од стручни лица за да ги утврди причините за настанувањето на недостатоците.

XVI. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Член 53

Изведувачот одговара за недостатоците кои се појавиле на изведените работи опфатени со предмер-пресметката, доколку тие недостатоци би се покажале во рок од две години од предавањето и приемот на работите. Оваа одговорност не може со Договорот ниту да се исклучи, ниту да се ограничи.

Член 54

Изведувачот не се ослободува од одговорност ако штетата настанала поради тоа што при изведувањето постапувал според барањата на Нарачателите, освен ако претходно ги предупредил за опасноста од штетата.

XVII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 55

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор. Кога една од договорните страни нема да ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара надомест на штетата.

Член 56

Договорната страна се ослободува од одговорност за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска поради околности настанати по склучувањето на Договорот, кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

Член 57

Одговорноста на договорната страна за намера или крајно невнимание не може однапред со Договорот да се исклучи.

Член 58

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата страна морала да ги предвиди во времето на склучувањето на Договорот како можни последици од повреда на Договорот.

Член 59

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите од влијание врз нивниот договорен однос одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена навреме.

XVIII. ВИША СИЛА

Член 60

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради „Виша сила". „Виша сила" значи исклучителен настан или околност: кој е надвор од контрола на страните; против кој ниедна од страните не можела разумно да преземе мерки пред стапувањето на Договорот; кој, откако настанал, страната не можела разумно да го одбегне или совлада; и кој во голема мера не може да се припише на друга страна.

Вишата сила може да вклучува, но не е ограничена на: војна, непријателства, инвазија; бунт, тероризам, револуција, востание, воена сила; немир, разбунтуваност, неред, штрајк или блокада од лица кои не се персонал на Изведувачот или подизведувачите; воена муниција, експлозивни материјали, радијација или радиоактивност; природни настани (пожар, поплава, земјотрес, пандемија, лоши временски услови невообичаени за годишното време и местото на изведба).

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините и обезбедување соодветен доказ. По отстранувањето на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување, или да се раскине спогодбено. Доколку изведбата е спречена во непрекинат период од 30 (триесет) дена поради Виша сила за која е дадено известување, секоја од страните може да даде известување за раскинување на Договорот.

XIX. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 61

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

XX. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 62

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Член 63

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна мора да ѝ остави примерен дополнителен рок за исполнување. Ако обврската не биде исполнета ниту во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине Договорот.

Член 64

Една од договорните страни може да го раскине Договорот и без да остави дополнителен рок за исполнување, ако од однесувањето на другата страна произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 65

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска, другата страна може да го раскине Договорот и да бара надомест на штета.

Член 66

Нарачателите имаат право да го раскинат Договорот за време на важноста на Договорот согласно одредбите од Законот за јавните набавки, како и поради неисполнување на обврските на Изведувачот, а особено:

- доколку Договорот е значително изменет, што резултира со обврска за спроведување нова постапка за јавна набавка;
- доколку Изведувачот е во една од ситуациите поради кои Нарачателите морале да го исклучат од постапката за јавна набавка, но за овој факт не биле запознаени во текот на постапката;
- доколку Договорот не требало да му се додели на носителот на набавката поради сериозни повреди на Законот за јавните набавки, утврдени со правосилна судска пресуда;
- доколку Изведувачот не ја продолжи банкарската гаранција во договорениот рок;
- доколку во договорениот рок Изведувачот неоправдано не започне со работа или го откаже изведувањето на работите;
- во случај кога Изведувачот, по своја вина, ги прекинал работите во времетраење подолго од 5 дена во континуитет, или доцни во реализацијата по динамичкиот план неоправдано подолго од вкупно 15 дена;
- доколку во текот на изведувањето Нарачателите утврдат дека работите се изведуваат неквалитетно;
- доколку постапува спротивно на одредбите на овој Договор.

Во случај на раскинување на Договорот, Нарачателите се должни на Изведувачот да му ги исплатат дотогаш извршените работи предмет на Договорот.

Член 67

Договорната страна која го раскинува Договорот е должна тоа да ѝ го соопшти на другата договорна страна без одлагање. Со раскинувањето на Договорот, договорните страни не се ослободуваат од обврската за надомест на евентуална штета.

Член 68

Ако по склучувањето на Договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна, до мера во која е очигледно дека Договорот повеќе не одговара на очекувањата на договорните страни, страната на која ѝ е отежнато исполнувањето може да бара Договорот да се раскине. Раскинување не може да се бара ако страната била должна во времето на склучувањето на Договорот да ги земе предвид тие околности.

Член 69

Страната која е овластена да бара раскинување на Договорот поради променетите околности е должна за својата намера да ја извести другата страна штом дознае за настапувањето на таквите околности.

XXI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 70

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, а во спротивно, надлежен за решавање на споровите е Граѓански суд – Скопје во Скопје.

XXII. ПОДИЗВЕДУВАЊЕ

Член 71

Изведувачот може да ангажира подизведувачи само за делот од набавката што го навел во Понудата дека ќе го отстапи на подизведувач. Ангажирањето подизведувач не ја намалува одговорноста на Изведувачот кон Нарачателите, кој останува целосно одговорен за квалитетното и навремено извршување на целокупниот предмет на овој Договор, вклучително и за работите изведени од подизведувачите.

Изведувачот е должен да го извести Надзорниот орган и Нарачателите за секој подизведувач пред негово ангажирање на градилиштето, како и навремено да ги исплаќа

подизведувачите за реализираните работи, согласно Законот за јавните набавки. Замена на подизведувач или ангажирање нов подизведувач за дел кој претходно не бил наведен во Понудата бара претходна писмена согласност од Нарачателите.

XXIII. ОСИГУРУВАЊЕ

Член 72

Изведувачот е должен, за целото времетраење на изведувањето на работите, да поседува важечка полиса за осигурување за надомест на штета при вршење на професионална дејност (осигурување од професионална одговорност), согласно доказот доставен со Понудата, и на барање да овозможи увид во истата на Нарачателите.

Изведувачот е должен да ги обезбеди и другите осигурувања пропишани со закон за изведување градежни работи (осигурување на работниците, градилиштето, механизацијата и материјалите), на свој трошок, за целото времетраење на изведбата.

XXIV. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ И ДОВЕРЛИВОСТ

Член 73

Договорните страни се обврзуваат личните податоци до кои ќе имаат пристап при реализацијата на овој Договор да ги обработуваат исклучиво за целите на извршување на Договорот, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и другите применливи прописи.

Секоја договорна страна е должна деловните и техничките информации добиени од другата страна во текот на реализацијата на овој Договор да ги чува како доверливи и да не ги открива на трети лица без претходна писмена согласност, освен ако податоците се јавно достапни или нивното откривање е задолжително согласно закон или по барање на надлежен орган.

XXV. СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 74

Договорните страни се обврзуваат да постапуваат во согласност со Законот за спречување корупција и судир на интереси и Законот за заштита на укажувачи при извршувањето на овој Договор. Изведувачот не смее, директно или индиректно, да понуди, вети или даде подарок, услуга или друга корист на лице вработено или ангажирано кај Нарачателите, со цел да се влијае врз извршувањето на овој Договор или врз донесувањето одлуки во врска со истиот.

Секоја од договорните страни е должна веднаш писмено да ја извести другата страна доколку дознае за околност што може да претставува судир на интереси или обид за корупција во врска со реализацијата на овој Договор.

XXVI. РЕДОСЛЕД НА ПРИМЕНА НА ДОКУМЕНТИТЕ

Член 75

Составен дел на овој Договор се: техничката спецификација, –Основниот проект со технички број ПРР/059-12-24 од декември 2024 година, предмер-пресметката и Понудата на Изведувачот (техничка, финансиска понуда и образецот на понуда).

XXVII. ИЗВЕСТУВАЊА

Член 76

Секое известување помеѓу договорните страни во врска со овој Договор се доставува во писмена форма - лично со потпис за прием, преку архивата на соодветната договорна страна, или по електронски пат на официјалните податоци за контакт наведени

во овој Договор. Известувањето се смета за уредно доставено со денот на приемот во архивата на примачот, односно со денот на електронското испраќање доколку примачот го потврди приемот.

Секоја договорна страна е должна веднаш писмено да ги извести другите договорни страни за секоја промена на податоците за контакт, седиштето или овластеното лице наведени во овој Договор. До приемот на таквото известување, доставувањето на податоците наведени во овој Договор се смета за уредно.

XXVIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 77

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено, со Анекс на овој Договор, во писмена форма, потпишан од сите договорни страни.

Член 78

Ниту една договорна страна нема право своите обврски или побарувања од овој Договор да ги пренесе на трета страна (вклучително по пат на цесија или залог), без взаемна писмена согласност на другите договорни страни.

Член 79

Овој Договор е составен во 6 (шест) идентични примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна, и стапува во сила со денот на неговото потпишување од страна на последната договорна страна.

Министерство за социјална политика, демографија и млади

Министер
Ѓоко Велковски

Општина Зелениково

Градоначалник
Коста Маневски

ДГПУТ, ИЗГРАДБА – КОМЕРЦ експорт-импорт, Скопје
Управител
Игор Илијевски

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Раководител на одделение
Согласен:м -р Јулијана Павковска Боцевска, по овластување на министер